РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-3428/2
20-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата насловена како Претставка заведена под број 12-3428/1 од 17.09.2021 година, поднесена против тогашниот актуелен градоначалник и независен кандидат за градоначалник и -------------- за Општина ----------------, со наводи за прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Изборниот законик, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување од причина што во предметната пријава – претставка не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик.

Предметот со број 12-3428 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, односно група граѓани, на ден 17.09.2021 година, поднесена е пријава насловена како Претставка, против тогашниот актуелен градоначалник и независен кандидат за градоначалник и --------------- за Општина --------------- и оформен е предмет број 12-3428 од 2021 година.

Во пријавата подносителот искажува загриженост за повторното кандитирање на тогашниот актуелен градоначалник на Општина ----------------, како независен кандидат, иако како што се наведува во пријавата истиот е ,,голем должник кон државата".

Кон пријавата доставена е и листа на должници од Управата за јавни приходи со број ---/2021 и ----/2021 од која може да се увиди дека наведениот градоначалник се јавува како должник со износ од ---------------,оо денари и тоа во категоријата Персонален данок на доход и други основи, што претставува негов личен долг.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека се работи за укажување со кое нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и

нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата, а и дека во предметната пријава – претставка не е констатирана повреда на Изборниот законик, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК